*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk


---

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2018 ГОДИНА - РЕБАЛАНС

ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија врши функции на јавен радиодифузен сервис, односно, врши дејност од јавен интерес од областа на радиодифузијата во Република Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси. Програмата се планира да се емитува преку редовни ТВ програмски сервиси и тоа, еден ТВ програмски сервис на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик, со планирано дневно времетраење на програма од 24 часа, како и телевизиски програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите немнозински заедници во РМ. Планираното дневно времетраење на програма од 24 часа на Вториот ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик ќе се реализира откако ќе бидат одобрени дополнителни финансиски средства од Буџетот на РМ согласно Планот за имплементација на Вториот програмски сервис – МТВ 2.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и најмалку преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработува годишен финансиски план за наредната година чија изработка се базира на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и на очекуваните и планирани активности во наредната година, притоа имајќи ги предвид условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини а со тоа и навремено сервисирање на создадените обврски.

Поради зголемување на средствата планирани за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РМ во 2018 година, зголемени се и финансиските средства кои се однесуваат на финансиска поддршка на ЈРП МРТ, од што произлезе и потребата со овој ребаланс на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2018 година да се извршат измени односно дополнување како на планираните приходи така и на ставките кај планираните расходи на МРТ за 2018 година.

**А. ПЛАН НА ПРИХОДИ**

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2018 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска Радиотелевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџет на Република Македонија**

Финансиските средства од Буџетот на РМ наменети за финансиска поддршка на редовното работење на ЈРП МРТ, наместо претходно планираните 700.000.000 денари во Финансискиот план на МРТ за 2018 година, со ребаланс на истиот, се зголемени и изнесуваат 886.550.000 денари или 88.7% од вкупно планираниот приход за 2018 година. Оваа измена во планираните приходи за 2018 година е извршена согласно зголемувањето на ставката планирани средства за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РМ, а по добивање на писмено известување до ЈРП МРТ од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламен простор (маркетинг) се планирани во висина од 33.000.000 денари и во вкупниот приход учествуваат со 3,3 %.
Времетраењето на рекламирањето кај јавниот радиодифузен сервис е регулирано согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што значи, дозволената продажба на рекламен простор не може да надмине 8 минути од времето на емитување во текот на еден реален час. Јавниот радиодифузен сервис за емитување на реклами може да ги прекинува само играната, спортската и забавната програма. На Јавниот радиодифузен сервис не му е дозволено рекламирање во периодот од 17,00 до 21,00 часот на телевизиските програмски сервиси и од 09,00 до 14,00 часот на радио програмските сервиси, освен во преноси и интегрални снимки на спортски натпревари, програма од сопствена продукција, друга програма произведена во РМ, културни манифестации и настани од големо значење утврдени согласно со овој закон.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 1.500.000 денари или 0,2% од вкупно планираните средства.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на услуги како технички, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги во земјата, за 2018 година, планирани се приходи во вкупен износ од 4.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,4%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2% .

**Останати деловни приходи**

Останати деловни приходи се приходи по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- приходи од задоцнети плаќања по основ на РДТ
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2018 година се планираат во износ од 30.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 3%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите по основ на разрешување на судски спорови во корист на МРТ планирани се во износ од 4.000.000 денари или 0,4% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2018 година.

**Приходи од Министерство за култура**

Согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција, кој сеуште е на сила, во Финансискиот план на МРТ за 2018 година планирани се средства во износ од 32.000.000 денари. Меѓутоа, како што е најавено од страна на Министерството за култура на РМ, доколку во текот на 2018 година се донесе Одлука за укинување на наведениот Закон, согласно таа Одлука, МРТ нема да презема нови обврски по овој основ или ќе ја избрише оваа ставка во вкупните планирани приходи за 2018 година.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и по основ на донации во 2018 година се планирани во износ од 6.000.000 денари и истите учествуваат со 0,6% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2018 година.

**Вкупно** планираните приходи по сите основи, во износ од 999.050.000 денари во 2018 година, треба да ги покријат планираните програмски активности, кои пак во континуитет, се насочени кон подобрување на програмската шема не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните.

Планираните активности за 2018 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмските сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- набавка на нова играна програма и серии, набавка на странска документарна програма, продукција на драмска програма, реализација на музички емисии,
- Откуп на права за емитување на значајни спортски настани,
- Реализирање на програмските содржини на посебните програми, како и
- Континуирана набавка на нова современа опрема и други основни средства, одржување на постојната опрема и реконструкција и одржување на објектите во МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2018 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2018 ГОДИНА – РЕБАЛАНС**

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2017г | Остварени приходи 2017г-проценка | Планирани приходи за 2018г | Планирани приходи за 2018г - Ребаланс | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 | структура 2018г |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приходи од Буџет на Република Македонија (приход од РДТ во 2017г и планиран приход од МИОА во 2018г, согласно член 109 од Законот за ААВМУ) | 850.000.000 | 750.000.000 | 700.000.000 | 886.550.000 | 104,3 | 118,2 | 88,7 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 40.000.000 | 30.000.000 | 33.000.000 | 33.000.000 | 82,5 | 110,0 | 3,3 |
| Приходи од Влада на РМ за финансиска поддршка на работењето на ЈРП МРТ | 240.000.000 | 240.000.000 | 0 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Закупнини | 1.500.000 | 1.200.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 100,0 | 125,0 | 0,2 |
| Приходи од услуги во земјата ( технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии,отстапени права и сл.) | 4.000.000 | 3.800.000 | 4.000.000 | 4.000.000 | 100,0 | 105,3 | 0,4 |
| Приходи од услуги од странство (технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 100,0 | 100,0 | 0,2 |
| Останати деловни приходи (прих.од камати, позитивни курсни разлики,отпиш.обврс.прих.од минати год.), дополнително утврдени приходи од претходни години | 20.000.000 | 20.000.000 | 30.000.000 | 30.000.000 | 150,0 | 150,0 | 3,0 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 6.000.000 | 3.000.000 | 4.000.000 | 4.000.000 | 66,7 | 133,3 | 0,4 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција | 32.000.000 | 10.000.000 | 32.000.000 | 32.000.000 | 100,0 | 320,0 | 3,2 |
| Приходи од Буџет на Република Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, согласно Член 92 став 10 од Законот за ААВМУ | 10.000.000 | 8.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Приход од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 0 | 6.000.000 | 6.000.000 | 0,0 | 0,0 | 0,6 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1.205.500.000** | **1.068.000.000** | **822.500.000** | **999.050.000** | **82,9** | **93,5** | **100,0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2018 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности околу создавање и емитување на програмата изнесуваат 940.200.000 денари. Истите, во вкупен обем, се планирани на помал износ во однос на вкупно планираните приходи на ЈРП МРТ за 2018 година, се со цел разликата од 58.850.000 денари да се намени за сервисирање на долгови од минати години.
Вкупните планирани расходи за 2018 година низ поединечни ставки ги претставуваат неопходните потреби на ЈРП МРТ, за што е потребно трошењето на финансиските средства да биде рационално, економично и наменски во согласност со законите и законските прописи.

**Планот на расходи ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

### Трошоци на вработените

Во оваа група за 2018 година се планирани трошоци во вкупен износ од 394.149.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство), трошоците за здравствени услуги како и трошоците за едукација (обука, посета на семинари, советувања и слично) на вработените.

### Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, услугите за такси превоз и слично, за што е планирана сума во вкупен износ од 8.715.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службените патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис ги следи и

пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани од јавен карактер во земјата и странство.

## Заеднички трошоци

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 252.999.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Група во која се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ, материјали за студиска реквизита, шминка, фризура и слично во вкупен износ од 4.209.000 денари, средства кои се неопходни за непречено одвивање на радио и ТВ програмата.

***Трошоци за останати материјали***

Група на трошоци со вкупен износ од 2.471.000 денари во која спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, заштитна облека и обувки, материјал за возен парк и разни останати потрошни материјали.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и истата е планирана во вкупен износ од 37.940.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од 866.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која за 2018 година е планирана во вкупен износ од 17.697.000 денари, а истата се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет, поштарина и аудио и видео линии за пренос на програмата.

**_Услуги за одржување и заштита_**

Група на трошоци која е планирана во вкупен износ од 26.454.000 денари и која ги опфаќа трошоците за следните видови на услуги: агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основни средства и градежни објекти, одржување на возилата на МРТ и набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и други услуги за одржување и заштита.

**_Комунални услуги_**

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 4.415.000 денари.

**_Останати услуги од работењето_**

Во оваа група на трошоци за 2018 година планирани се средства во вкупен износ од 2.066.000 денари и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши, визи и слично.

**_Трошоци за амортизација на основни средства_**

Вкупниот износ на планирани трошоци за амортизацијата на основните средства за 2018 година е 68.000.000 денари, што е годишен отпис односно исправка на вредноста на набавената опрема во рамките на инвестиционите активности и процесот на дигитализација на ТВ опремата т.е. премин од аналогна кон дигитална технологија.

**_Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис_**

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и отпис на побарувањата по основ на ненаплатена РДТ за 2018 година се планирани вкупно 21.000.000 денари;

**_Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација_**

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2018 година се планирани вкупно 666.000 денари;

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот на МРТ во 2018 година изнесуваат 2.700.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Банкарските трансакции МРТ ги извршува преку жиро сметки во осум национални банки, а планираните средства за овој вид на трошоци за 2018 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 910.000 денари.

***Останати трошоци***

Групата на трошоци во која спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандардите и консултантски услуги, потоа услугите за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, со Финансискиот план за 2018 година планирани се средства во вкупен износ од 533.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор***

Во согласност со Законот за ААМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2018 година е планирана во вкупен износ од 4.830.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

За даноци, судски трошоци и административни такси како и трошоци за Сателитски провајдер - услуги за користење Uplink антена, во 2018 година планирани се вкупно 5.182.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци планирани се вкупно 300.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 16.600.000 денари и истите се однесуваат на трошоци по разни основи кои биле планирани во минат период од тековото работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доспеани фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 32.500.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2018 година се планирани во вкупен износ од 3.660.000 денари;

## Програмски права

Оваа категорија на трошоци е планирана во вкупен износ од 174.341.000 денари и истата се однесува на следните видови на трошоци: откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права, надомест за фестивал ЕВРОСОНГ, надомест за снимање фестивали, откуп на права за емитување на спортски настани, надомест за откуп на програми од независни продуценти и трошоци за реализација на копродукциски проекти со документарна и друга содржина.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 87.996.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Наемнини***

Планираните трошоци за наемнини во 2018 година изнесуваат 300.000 денари и истите се однесуваат на наем на опрема и недвижности за кои произлегува потреба во текот на работењето;

***Други трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2018 година се планирани вкупно 68.666.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, услуги за вештачење,
- Носачи на аудио и видео материјали, услуги од агенции за користење податоци за истражување на програмата и мерење на рејтинг на гледаност,
- Технички услуги, интелектуални услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција како и договори со изведувачи по основ на Законот за поддршка на домашната музичка продукција,
- Трошоци за реализација на проектот Евровизија и слично.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 18.230.000 денари и опфаќа годишни членарини за ЕБУ и ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП и останати трошоци од работење.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2018 година планирани се средства во вкупен износ од 800.000 денари.

***Инвестиции***

Делот за инвестиции опфаќа набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2018 година и за оваа намена планирани се вкупно 22.000.000 денари.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2018 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2018 ГОДИНА – РЕБАЛАНС**

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2017г | Остварени расходи 2017г-проценка | Финансиски план за 2018г | Финансиски план за 2018г - Ребаланс | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати (нето плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 420.000.000 | 390.000.000 | 389.000.000 | 392.000.000 | 93% | 101% |
| Отпремнина за одење во пензија | 1.000.000 | 900.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 150% | 167% |
| Други примања (теренски додаток) | 5.000.000 | 4.600.000 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени) помош во случај на починат вработен или член на семејството и слично | 350.000 | 350.000 | 200.000 | 299.000 | 85% | 85% |
| Трошоци за здравствени услуги | 1.000.000 | 950.000 | 100.000 | 100.000 | 10% | 11% |
| Трошоци за едукација | 300.000 | 300.000 | 250.000 | 250.000 | 83% | 83% |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **427.650.000** | **397.100.000** | **391.050.000** | **394.149.000** | **92%** | **99%** |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1.400.000 | 1.400.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 107% | 107% |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 5.600.000 | 5.300.000 | 2.500.000 | 3.820.000 | 68% | 72% |
| Превоз за службени патувања во земјата | 100.000 | 80.000 | 100.000 | 100.000 | 100% | 125% |
| Превоз за службени патувања во странство | 2.300.000 | 2.300.000 | 1.600.000 | 1.864.000 | 81% | 81% |
| Сопствено возило за службени потреби | 300.000 | 200.000 | 100.000 | 166.000 | 55% | 83% |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 350.000 | 300.000 | 300.000 | 333.000 | 95% | 111% |
| **Вкупно 2** | **10.050.000** | **9.580.000** | **6.100.000** | **7.783.000** | **77%** | **81%** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси | 1.000.000 | 1.000.000 | 800.000 | 932.000 | 93% | 93% |
| **Вкупно 3** | **1.000.000** | **1.000.000** | **800.000** | **932.000** | **93%** | **93%** |
| **Вкупно транспортни услуги** | **11.050.000** | **10.580.000** | **6.900.000** | **8.715.000** | **79%** | **82%** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 1.500.000 | 1.000.000 | 800.000 | 1.262.000 | 84% | 126% |
| Технички материјал | 2.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.264.000 | 63% | 126% |
| Материјал за кулиси и декор | 500.000 | 200.000 | 200.000 | 200.000 | 40% | 100% |
| Материјал за реквизита | 100.000 | 50.000 | 50.000 | 50.000 | 50% | 100% |
| Материјал за шминка и фризура | 100.000 | 50.000 | 50.000 | 50.000 | 50% | 100% |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 100.000 | 100.000 | 220.000 | 286.000 | 286% | 286% |
| Материјал за поправка и одржување | 1.500.000 | 1.100.000 | 800.000 | 1.097.000 | 73% | 100% |
| **Вкупно 4** | **5.800.000** | **3.500.000** | **3.120.000** | **4.209.000** | **73%** | **120%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2017г | Остварени расходи 2017г-проценка | Финансиски план за 2018г | Финансиски план за 2018г - Ребаланс | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 2.000.000 | 1.200.000 | 1.300.000 | 1.762.000 | 88% | 147% |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 20.000 | 10.000 | 250.000 | 250.000 | 1250% | 2500% |
| Други потрошни материјали | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 10.000 | 100% | 100% |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 500.000 | 400.000 | 350.000 | 449.000 | 90% | 112% |
| **Вкупно 5** | **2.530.000** | **1.620.000** | **1.910.000** | **2.471.000** | **98%** | **153%** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 17.000.000 | 15.000.000 | 16.000.000 | 16.660.000 | 98% | 111% |
| Трошоци за топлотна енергија | 18.000.000 | 16.000.000 | 16.000.000 | 17.320.000 | 96% | 108% |
| Трошоци за гориво и мазиво | 5.000.000 | 3.500.000 | 3.000.000 | 3.660.000 | 73% | 105% |
| Останати трошоци за користење енергија | 400.000 | 250.000 | 300.000 | 300.000 | 75% | 120% |
| **Вкупно 6** | **40.400.000** | **34.750.000** | **35.300.000** | **37.940.000** | **94%** | **109%** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1.000.000 | 800.000 | 800.000 | 866.000 | 87% | 108% |
| **Вкупно 7** | **1.000.000** | **800.000** | **800.000** | **866.000** | **87%** | **108%** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 1.000.000 | 500.000 | 700.000 | 700.000 | 70% | 140% |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2.800.000 | 2.200.000 | 2.000.000 | 2.264.000 | 81% | 103% |
| Трошоци за интернет | 600.000 | 400.000 | 400.000 | 400.000 | 67% | 100% |
| Поштарина | 350.000 | 300.000 | 300.000 | 333.000 | 95% | 111% |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 14.500.000 | 14.500.000 | 8.000.000 | 14.000.000 | 97% | 97% |
| **Вкупно 8** | **19.250.000** | **17.900.000** | **11.400.000** | **17.697.000** | **92%** | **99%** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 4.500.000 | 4.500.000 | 4.000.000 | 4.000.000 | 89% | 89% |
| Инвестиц.и тековно одрж.на основни средства | 4.000.000 | 1.000.000 | 2.500.000 | 3.160.000 | 79% | 316% |
| Инвестиц.и тековно одржување на градежни објекти | 11.800.000 | 5.000.000 | 7.000.000 | 11.620.000 | 98% | 232% |
| Одржување на возила | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.500.000 | 2.830.000 | 142% | 142% |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 100% | 100% |
| Други услуги за одржување | 30.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 67% | 100% |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 1.200.000 | 1.200.000 | 800.000 | 1.064.000 | 89% | 89% |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 4.500.000 | 3.500.000 | 3.000.000 | 3.660.000 | 81% | 105% |
| **Вкупно 9** | **28.130.000** | **17.320.000** | **19.920.000** | **26.454.000** | **94%** | **153%** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 50.000 | 40.000 | 40.000 | 40.000 | 80% | 100% |
| Дератизација и дезинфекција | 350.000 | 300.000 | 300.000 | 300.000 | 86% | 100% |
| Трошоци за ѓубретарина | 1.000.000 | 1.000.000 | 950.000 | 983.000 | 98% | 98% |
| Трошоци за вода | 3.500.000 | 3.000.000 | 2.300.000 | 3.092.000 | 88% | 103% |
| **Вкупно 10** | **4.900.000** | **4.340.000** | **3.590.000** | **4.415.000** | **90%** | **102%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2017г | Остварени расходи 2017г-проценка | Финансиски план за 2018г | Финансиски план за 2018г - Ребаланс | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и др. | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 133.000 | 133% | 133% |
| Трошоци за огласи и конкурси | 800.000 | 550.000 | 550.000 | 550.000 | 69% | 100% |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и сл. | 400.000 | 400.000 | 400.000 | 400.000 | 100% | 100% |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 200.000 | 150.000 | 150.000 | 183.000 | 92% | 122% |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 500.000 | 500.000 | 500.000 | 750.000 | 150% | 150% |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 50.000 | 20.000 | 20.000 | 20.000 | 40% | 100% |
| Трошоци за фотокопирање | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 30.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 11** | **2.080.000** | **1.750.000** | **1.750.000** | **2.066.000** | **99%** | **118%** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 68.000.000 | 68.000.000 | 68.000.000 | 68.000.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 12** | **68.000.000** | **68.000.000** | **68.000.000** | **68.000.000** | **100%** | **100%** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 80.000.000 | 30.000.000 | 15.000.000 | 21.000.000 | 26% | 70% |
| **Вкупно 13** | **80.000.000** | **30.000.000** | **15.000.000** | **21.000.000** | **26%** | **70%** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 50.000 | 0 | 100.000 | 100.000 | 200% | 0% |
| Трошоци за репрезентација | 850.000 | 840.000 | 500.000 | 566.000 | 67% | 67% |
| **Вкупно 14** | **900.000** | **840.000** | **600.000** | **666.000** | **74%** | **79%** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 2.700.000 | 2.600.000 | 2.700.000 | 2.700.000 | 100% | 104% |
| **Вкупно 15** | **2.700.000** | **2.600.000** | **2.700.000** | **2.700.000** | **100%** | **104%** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10.000 | 0 | 10.000 | 10.000 | 100% | 0% |
| Банкарски услуги | 800.000 | 700.000 | 900.000 | 900.000 | 113% | 129% |
| **Вкупно 16** | **810.000** | **700.000** | **910.000** | **910.000** | **112%** | **130%** |
| ***17)Останати трошоци*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 350.000 | 150.000 | 150.000 | 150.000 | 43% | 100% |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати и друго | 250.000 | 150.000 | 150.000 | 150.000 | 60% | 100% |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 250.000 | 150.000 | 200.000 | 233.000 | 93% | 155% |
| **Вкупно 17** | **850.000** | **450.000** | **500.000** | **533.000** | **63%** | **118%** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор, Програмски совет, одбор на директори и управители*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 5.000.000 | 4.500.000 | 4.500.000 | 4.830.000 | 97% | 107% |
| **Вкупно 18** | **5.000.000** | **4.500.000** | **4.500.000** | **4.830.000** | **97%** | **107%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2017г | Остварени расходи 2017г- проценка | Финансиски план за 2018г | Финансиски план за 2018г - Ребаланс | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци | 2.900.000 | 2.800.000 | 1.800.000 | 4.000.000 | 138% | 143% |
| Судски трошоци и административни такси | 2.000.000 | 1.000.000 | 800.000 | 932.000 | 47% | 93% |
| Останати трошоци од работење - услуги за користење Uplink антена-Сателитски провајдер | 500.000 | 200.000 | 250.000 | 250.000 | 50% | 125% |
| **Вкупно 19** | **5.400.000** | **4.000.000** | **2.850.000** | **5.182.000** | **96%** | **130%** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 600.000 | 300.000 | 300.000 | 300.000 | 50% | 100% |
| **Вкупно 20** | **600.000** | **300.000** | **300.000** | **300.000** | **50%** | **100%** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 22.500.000 | 22.500.000 | 10.000.000 | 16.600.000 | 74% | 74% |
| **Вкупно 21** | **22.500.000** | **22.500.000** | **10.000.000** | **16.600.000** | **74%** | **74%** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 40.000.000 | 49.000.000 | 25.000.000 | 32.500.000 | 81% | 66% |
| **Вкупно 22** | **40.000.000** | **49.000.000** | **25.000.000** | **32.500.000** | **81%** | **66%** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4.000.000 | 4.000.000 | 3.000.000 | 3.660.000 | 92% | 92% |
| **Вкупно 23** | **4.000.000** | **4.000.000** | **3.000.000** | **3.660.000** | **92%** | **92%** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **334.850.000** | **268.870.000** | **211.150.000** | **252.999.000** | **76%** | **94%** |
| ***24)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 25.000.000 | 24.000.000 | 19.000.000 | 32.860.000 | 131% | 137% |
| Останати програмски права | 12.000.000 | 10.000.000 | 8.000.000 | 9.320.000 | 78% | 93% |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2.500.000 | 2.300.000 | 2.500.000 | 2.500.000 | 100% | 109% |
| Надомест за снимање фестивали | 1.000.000 | 500.000 | 600.000 | 821.000 | 82% | 164% |
| Права за спортски настани | 100.000.000 | 65.000.000 | 47.000.000 | 67.000.000 | 67% | 103% |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 25.000.000 | 24.000.000 | 13.000.000 | 16.960.000 | 68% | 71% |
| Копродукциски проекти | 125.000.000 | 100.000.000 | 33.000.000 | 44.880.000 | 36% | 45% |
| **Вкупно 24 - Програмски права** | **290.500.000** | **225.800.000** | **123.100.000** | **174.341.000** | **60%** | **77%** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на недвижности за дописници во странство | 5.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| Наем на опрема и недвижнини | 500.000 | 300.000 | 300.000 | 300.000 | 60% | 100% |
| **Вкупно 25** | **5.500.000** | **4.300.000** | **300.000** | **300.000** | **5%** | **7%** |
| ***26) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 800.000 | 500.000 | 400.000 | 532.000 | 67% | 106% |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% | 100% |
| Услуги за вештачење | 200.000 | 100.000 | 200.000 | 200.000 | 100% | 200% |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 1.000.000 | 300.000 | 300.000 | 300.000 | 30% | 100% |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 2.500.000 | 1.500.000 | 2.500.000 | 2.500.000 | 100% | 167% |
| Технички услуги | 7.000.000 | 6.000.000 | 6.000.000 | 7.320.000 | 105% | 122% |

## МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2017г | Остварени расходи 2017г- проценка | Финансиски план за 2018г | Финансиски план за 2018г - Ребаланс | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Трошоци за опремување сцена | 2.000.000 | 2.000.000 | 1.500.000 | 1.962.000 | 98% | 98% |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 4.000.000 | 3.000.000 | 2.500.000 | 3.160.000 | 79% | 105% |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 400.000 | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 25% | 100% |
| Авторски договори-авторска агенција | 25.000.000 | 10.000.000 | 8.000.000 | 11.000.000 | 44% | 110% |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршката на домашната музичка продукција | 32.000.000 | 10.000.000 | 32.000.000 | 32.000.000 | 100% | 320% |
| Трошоци за проект Евровизија | 8.500.000 | 8.500.000 | 6.000.000 | 7.000.000 | 82% | 82% |
| Трошоци за награди од фестивали и други награди | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| Трошоци за судски извршители | 800.000 | 1.900.000 | 800.000 | 1.592.000 | 199% | 84% |
| **Вкупно 26** | **90.200.000** | **44.900.000** | **61.300.000** | **68.666.000** | **76%** | **153%** |
| ***27)Членарини, котизации, такси, ЗАМП, останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9.000.000 | 9.400.000 | 9.000.000 | 9.330.000 | 104% | 99% |
| Котизации и акредитации | 500.000 | 100.000 | 300.000 | 300.000 | 60% | 300% |
| Останати трошоци/услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 200.000 | 150.000 | 100.000 | 100.000 | 50% | 67% |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 9.550.000 | 8.500.000 | 8.500.000 | 8.500.000 | 89% | 100% |
| **Вкупно 27** | **19.250.000** | **18.150.000** | **17.900.000** | **18.230.000** | **95%** | **100%** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги (архивирање) | 1.500.000 | 300.000 | 800.000 | 800.000 | 53% | 267% |
| **Вкупно 28** | **1.500.000** | **300.000** | **800.000** | **800.000** | **53%** | **267%** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **116.450.000** | **67.650.000** | **80.300.000** | **87.996.000** | **76%** | **130%** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **1.180.500.000** | **970.000.000** | **812.500.000** | **918.200.000** | **78%** | **95%** |
| | | | | | | |
| **Набавка на опрема и други инвестиции** | 25.000.000 | 10.000.000 | 10.000.000 | 22.000.000 | 88% | 220% |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **25.000.000** | **10.000.000** | **10.000.000** | **22.000.000** | **88%** | **220%** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1.205.500.000** | **980.000.000** | **822.500.000** | **940.200.000** | **78%** | **96%** |

Скопје, Февруари 2018 година

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски